Врз основа на член 22 став 7 од Законот за Локална самоуправа ( „Службен весник на РМ“ бр 5/02 ), Програмата за остварување на социјалната заштита во Општина Битола за 2024 („Службен гласник на Општина Битола“ бр. 17/23 од 26.12.2023), Општина Битола објавува:

Дополнување и измена на

**ЈАВЕН ПОВИК**

за вршење на јавни работи и работно ангажирање на:

- **2 лица комунални редари, невработени со средно образование** кои ќе ги надгледуваат зелените јавни површини, пријавуваат проблеми и неправилности при узурпирање на истите;
- **13 лица невработени ниско квалификувани и со средно образование** кои ќе бидат ангажирани за средување на зелените и јавни површини во градот и руралните средини, средување на речното корито на реката Драгор, средување на Золошката градина, помош при други градежни зафати во делот на инфраструктурата.

Работното ангажирање ќе биде за период од **6 месеци април – септември,** во работни денови, понеделник – петок, со ангажман од по 8 работни часа на ден, за што на лицата ќе биде исплатен месечен надоместок во износ од **20.000,00 денари бруто износ**. Во износот се пресметани покрај надоместокот за извршената работа во тековниот месец и трошоците за превоз од местото на вршење на работите како и надоместокот за исхрана.

**Кандидатите треба да достават барање и копија од документ за идентификација (лична карта)**.

Заинтересираните кандидати да се јават заклучно со 23.01.2024 год.

Бараните документи можат да се достават во просториите на Општина Битола ул. „Булевар 1 Мај“ бр.61 на шалтер бр 1.

Бр.08- 14 /2-1
17.01.2024

ГРАДОНАЧАЛНИК
Тони Коњановски